РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-253/3
28.01.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 3. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 21.1.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Ивона Муфишева, м-р Магдалена Давидовска-Довлева, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, д-р Ивана Стојановска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 3. седница на Советот. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за“ (советничката Афрона Врзиволи поради технички причини не беше присутна за време на гласањето), го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување Предлог-записник од прво продолжение на 25. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 14.1.2026 година.
2. Усвојување Предлог-записник од прво продолжение на 26. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 14.1.2026 година.
3. Усвојување Предлог-записник од 1. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.1.2026 година.
4. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 6 гласа „за„ и еден воздржан глас од Виктор Павловски го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 25. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 14.1.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и со 6 гласа „за„ и еден воздржан глас од Виктор Павловски го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 26. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 14.1.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот го разгледа и со 6 гласа „за„ и еден воздржан глас од Виктор Павловски го усвои предложениот Записник од 1. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 14.1.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи предлогот за поведување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на РТД Телевизија Сонце ДООЕЛ Прилеп. Тој објасни дека овој радиодифузер веќе неколку месеци се соочува со сериозни проблеми во работењето. Предлогот за одземање на дозволата се темели на два основа. Прво, АВМУ во три наврати службено се обратила до Агенцијата за вработување со цел да утврди дали радиодифузерот ги исполнува минималните кадровски услови. Согласно Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, радиодифузерот треба да има најмалку 20 вработени лица кои учествуваат во создавањето на програмата, во редовен работен однос. Првото барање било поднесено на 17.12.2025 година, при што Агенцијата за вработување одговорила дека на ден 30.11.2025 година радиодифузерот имал 19 вработени. Потоа, на 15.12.2025 година, АВМУ повторно се обратила до Агенцијата за вработување и истиот ден добила одговор дека бројот на вработени е намален на само едно лице. Односно, наместо законски пропишаните 20 вработени, радиодифузерот има само еден вработен. Во меѓувреме, надлежниот суд отворил стечајна постапка против радиодифузерот, за што АВМУ била известена од адвокатот на радиодифузерот. При тоа е констатирано дека Агенцијата нема финансиски побарувања кон радиодифузерот. Дополнително, Секторот за информатички технологии утврдил дека радиодифузерот на 10.12.2025 година престанал да емитува телевизиска програма. Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволата на радиодифузер се одзема доколку тој не емитува програма во континуитет подолг од 30 дена. Извршен е надзор и констатирано е дека од 10.12.2025 година до денес поминале повеќе од 30 дена во кои радиодифузерот не емитувал програма, со што е исполнет и овој законски услов за одземање на дозволата. Поради наведените

две причини - неисполнување на минималните кадровски услови и прекин на емитувањето на програмата повеќе од 30 дена, се предлага Советот да отпочне постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување. По донесувањето на одлуката, радиодифузерот ќе биде соодветно известен, а Советот во рок од 15 дена, врз основа на дополнителен надзор што ќе го спроведе Агенцијата, ќе утврди дали причините за одземање на дозволата се отстранети. Потоа, Советот ќе одржи повторна седница на која ќе донесе конечна одлука за одземање на дозволата на радиодифузерот.

Претседателот, м-р Сашо Стефановски, побара појаснување дали со денешното гласање Советот ќе започне постапка за одземање на дозволата.

Директорот Трајчевски појасни дека, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), Советот нема законска можност веднаш да донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување. Согласно законската постапка, најнапред се поведува постапка за одземање на дозволата, во која прецизно се наведуваат причините поради кои се започнува постапката. За поведувањето на постапката радиодифузерот писмено се известува, при што му се остава максимален рок од 15 дена за да ги отстрани утврдените причини поради кои Советот ја започнал постапката. Дополнително беше истакнато дека, имајќи предвид дека радиодифузерот се наоѓа во стечајна постапка и дека не емитува програма уште од почетокот на декември минатата година, можноста за исполнување на законските услови постои само теоретски. Сепак, Советот е должен да постапува строго во согласност со законските одредби и пропишаната процедура. По истекот на рокот од 15 дена, Стручната служба повторно ќе спроведе надзор со цел да утврди дали се отстранети причините поради кои е донесена одлуката за започнување на постапката. Врз основа на наодите од спроведениот надзор, Советот ќе одржи седница и ќе донесе конечна одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување или за запирање на постапката.

Претседателот Стефановски постави прашање дали, согласно Законот, радиодифузерот има обврска да ја извести Агенцијата доколку престане со емитување на програмата.

Директорот Трајчевски објасни дека во случаи кога радиодифузерот привремено престанува со емитување поради технички причини, тој ја известува Агенцијата. Како пример го наведе Радио Марија од Струмица, кое редовно, понекогаш и еднаш неделно, со писмен допис ја известува Агенцијата дека поради технички проблеми не можело да емитува програма во времетраење од еден, два или три часа. Во вакви случаи станува збор за радиодифузер кој нормално функционира и има повремени, изолирани технички пречки. Во конкретниот случај, станува збор за радиодифузер кој не воспоставил никаква комуникација со Агенцијата, против кој е отворена стечајна постапка, кој нема доволен број вработени и кој подолг период не емитува програма. Иако би било логично Агенцијата да биде известена за ваквата состојба, радиодифузерот тоа не го сторил. Сепак, директорот појасни дека, согласно законските одредби, не постои експлицитна обврска радиодифузерот да ја извести Агенцијата за прекин на емитувањето. Со цел следење на програмските активности на радиодифузерите, Агенцијата располага со систем за снимање и секојдневно врши мониторинг на емитуваните програми.

Советничката Гордана Мајнова истакна дека постапката е целосно во согласност со законските одредби, но изрази лично жалење што од етерот згаснува уште една телевизија. Таа нагласи дека ќе се почека законскиот рок од 15 дена и дека по неговото истекување ќе се пристапи кон одземање на дозволата. Воедно, постави прашање дали по одземањето на дозволата, би се распишал конкурс за доделување нова дозвола.

Директорот Трајчевски појасни дека конкретниот радиодифузер не користи ограничен ресурс, односно радио-фреквенција, туку емитува програма преку кабел. За телевизии што емитуваат преку кабел не постои обврска за распишување конкурс. Доколку некој субјект е заинтересиран за вршење на оваа дејност, тој поднесува барање до Агенцијата, заедно со соодветната документација, по што може да му биде доделена дозвола.

Советот на Агенцијата, врз основа на Писмениот извештај за извршен административен надзор (вонреден, по службена должност), бр.03-225/1 од 15.1.2026 година со кој е констатирано прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), како и врз основа на Писмениот извештај за извршен административен надзор (вонреден, реализиран по повод), бр.03-254/1 од 20.1.2026 година со кој е констатирано прекршување на член 82 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво Телевизија Сонце ДООЕЛ, Прилеп, Уп1 бр.08-141 од 18.03.2019 година.

Согласно член 83 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата, за наведеното прекршување на ЗААВМУ и Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**